# План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација во периодот октомври 2011 - октомври 2012 година

1. Усвојување на Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ во текот на 2011 година и организирање на јавни расправи (седница во октомври 2011),

2. Реализација на јавни расправи за закони согласно усвоен Анекс 2 од Мислењето на НСЕИ (организација од октомври до 31 декември 2011),

3. Разгледување на извештаи за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (октомври 2011 до октомври 2012);
   *-доставува Секретаријат за европски прашања при Влада на Република Македонија.*

4. Разгледување на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година (седница октомври 2011)
   *-Извештајот го објавува Европска комисија*

5. Национална програма за усвојување на правото на Европската унија НПАА - ревизија 2012 (по усвојување на НПАА од Владата, седница на Советот на крајот на декември 2011 или во јануари 2012)
   *-доставува Секретаријат за европски прашања при Влада на Република Македонија*

6. Разгледување на Акциски план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2011 година, со носители и рокови на реализација (седница ноември или декември 2011)
   *-доставува Секретаријат за европски прашања*

7. Усвојување на Мислење на Националниот совет за евроинтеграции за усвојувањето на правото на Европската унија во текот на 2012 година;
   *(во декември 2011 или јануари 2012, на седницата на која ќе се разгледува НПАА ревизија 2012)*

8. Јавна расправа за состојбите со медиумите во Република Македонија,

9. Јавна расправа за искористеноста на средствата од Инструментот за претпристапна помош-ИПА *(степенот на подготвеност на институциите во Република Македонија за искористување на предвидените средства, како и статусот на досегашната реализација односно искористеност на средствата)*



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)

10. Тематска јавна расправа посветена на "Зголемување на конкурентноста на македонската економија"

11. Информација за процесот на превод на европските акти
    *-доставува Секретаријат за европски прашања при Влада на Република Македонија*

12. Расправа по Претпристапната економска програма (2012-2014)



Create PDF files without this message by purchasing novaPDF printer (http://www.novapdf.com)